INSTITUT FRANÇAIS Skopje

# ОПШТИ УСЛОВИ

за часовите по странски јазик во Францускиот институт во Скопје

Овде претставените општи услови се однесуваат на часовите по странски јазик, организирани од страна на Францускиот институт во Скопје и прифатени од страна на корисникот (изучувач).

## УПИСИ

За упис изучувачот треба да има:

- од 3 до 6 години за ателјеата за иницијација
- од 7 до 17 години за школските групи (деца, основци и гимназијалци)
- 18 години и повеќе за возрасните групи

Изучувачот може да се запише само на еден курс по општ јазик во една сесија. Бројот на уписи во ателјеата е неограничен.

Уписот се врши лично во Францускиот институт во Скопје, во период на упис. Изучувачот кој има предзнаења од францускиот јазик прави тест за утврдување на јазичното ниво и кој му овозможува на институтот да го смести во соодветна група. Предложените нивоа се воспоставени според наставниот курикулум на Францускиот институт, а се референцираат на нивоата од Заедничката референтна рамка за јазиците.

Во моментот на упис, изучувачот пополнува формулар за упис и го остава своите податоци. Уписот е валиден по извршено плаќање на најмалку една рата која одговара на одбраниот тип на курс.

Пред-упис е можно да се направи преку веб страната на Францускиот институт.

Пробни часови не се дозволени освен за време на отворените часови по повод деновите на отворени врати.

## ПЛАЌАЊЕ НА ЧАСОВИТЕ

Сумите за упис на часовите се плаќаат однапред.

Целосната сума на часовите може да се регулира на повеќе месечни рати, различните износи ќе му бидат соопштени на изучувачот во моментот на упис. Се овозможува попуст за плаќање на целосната сума однапред, според воспоставениот тарифник и за време на периодот на упис.

Плаќањето на часовите се врши во денари, во готово или со картичка, во институтот, во работно време назначено на веб страната на институтот. Назначените дати за плаќање треба да се почитуваат. Се овозможува семеен попуст за упис на двајца членови од исто (потесно) семејство.

48, rue Mito Hadzivasilev Jasmin – 1000 Skopje T +389 2 3118 503 www.ifs.mk

Плаќањето може да се изврши и преку сметка, во тој случај потребно е да ја одберете оваа опција во формуларот за упис и да ги оставите името, презимето и адресата на уплаќачот. Фактура ќе биде изработена и пратена на тоа име.

Уписнината за часовите вклучува и учебник и работна тетратка, упис во медијатеката на Францускиот институт (со времетраење од една година).

По започнувањето на часовите, институтот не ќе биде во можност да ги врати уплатените средства.

**ОТКАЖУВАЊЕ И ОДЛОЖУВАЊЕ**

Отварањето на часовите и групите зависи од доволен број на учесници. Францускиот институт во Скопје го задржува правото да затвори незапочнат курс доколку доволниот број на учесници не е достигнат или поради било која друга непредвидена итна причина.

Во случај кога групата се затвора од страна на Францускиот институт и друга група на исто ниво не може да биде предложена на изучувачот, Францускиот институт се обврзува да ги информира запишаните кандидати и во целост да ги врати уплатените средства.

Во случај кога откажувањето доаѓа по иницијатива на изучувачот, се применуваат следните правила:

- Откажувањето е 3 дена пред започнувањето на часовите, се задржува административен трошок од 350 ден., остатотокот од уплатените средства се враќа на изучувачот

- Откажувањето е помалку од 3 дена пред започнувањето или по започнувањето на часовите, уплатените средства не се враќаат. Во случај на виша сила со писмено образложение и оправдание, институтот ќе направи пресметка и ќе задржи сума која одговара на проследениот период на часови, според сумите дефинирани за уплата за секој период во тарифникот на часови.

Во случај кога час е откажан од страна на институтот, истиот ќе им предложи на изучувачите дополнителен термин за надополнување на изгубениот час. Празниците и неработните денови се интегрирани во годишниот календар на часови. Отсуството на час од страна на изучувачот не му дава право на враќање на средства.

Уписите се лични и не можат да се пренесат на други лица или други подоцнежни сесии.

Промената на група или ниво може да се направи за време на првите две недели од започнувањето на часовите и тоа по дозвола откако ќе се направи барање до одговорната за часови.

**ИНДИВИДУАЛНИ ЧАСОВИ**

Индивидуални часови се организираат во текот на целата година, по барање на изучувачот.

Индивидуалните часови можат да се оддржуваат во просториите за настава на Францускиот институт или во простории (работни или домашни) на изучувачот. Цените се различни според местото на оддржување и му се соопштени на изучувачот пред уписот.

Ситуациите кои следат ќе се сметаат за доброволно напуштање и ќе бидат наплатени доколку:

- изучувачот не дојде на час заради лични причини без да го извести институтот 24 часа однапред
- изучувачот доцни повеќе од 15 минути без за тоа да го извести институтот.

## ПОТВРДИ И ДИПЛОМИ

На барање на изучувачот, Францускиот институт може да издаде:

- потврда за упис на часовите по странски јазик
- потврда за следење на часовите со процент на присутност

Барањето за издавање потврда треба да биде испратено на следната адреса cours(at)ifs.mk една недела однапред. Потврдата се издава само еднаш за една иста сесија.

Францускиот институт во Скопје е овластен испитен центар за спроведување на официјални испити за дипломи за познавање на францускит јазик (DELF/DALF) и ги охрабрува изучувачите да ги полагаат овие официјални испити.

## ВНАТРЕШЕН ПРАВИЛНИК

Доколку однесување на изучувачот штети на доброто одвивање на часот или на репутацијата на Францускиот институт, институтот може да го исклучи изучувачот без враќање на уплатените средства.

## ФОТОГРАФИИ

Францускиот институт може да има потреба да ги фотографира или снима наставните активности на изучувачите и да ги користи во своите документи за информација и комуникација.

## КОВИД-19

Во услови на санитарна криза поврзана со КОВИД-19, изработен е план за реализација на часовите по јазик во ИФС. Планот предвидува три модалитети на настава (со физичко присуство, онлајн и комбинирана настава). Одбраниот модалитет ќе зависи од епидемиолошката состојба во земјата. Детални протоколи за секој од модалитетите ќе бидат ставени на располагање на изучувачите.

**Скопје, 1 септември 2022**